Уп. бр. 08-77

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 21.05.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук, со регистрирано седиште на адреса Улица Рада Пушењака 45, 9240 Љумотер, Република Словенија**,** иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Панорганикс, трговија на

големо со овошје и зеленчук, со регистрирано седиште на адреса Улица Рада Пушењака 45, 9240 Љумотер, Република Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛФИ управува со алтернативни инвестициски фондови** (АЛФИ) врши анализа на (потенцијални) вложувања и управување со инвестициски фондови, додека самото управување со вложувањата е делумно оставено на други друштва.
АЛФИ управува со инвестициски фондови АЛФИ II (ALFI II; основано под називот АЛФИ II, Специјални инвестициски фондови, АЛФИ ДИЈ ЦЕЕ (ALFI DIY CEE; основано под називот АЛФИ ДИЈ ЦЕЕ, Алтернативни инвестициски фондови и АЛФИ СИС (ALFI SIS; основано под називот АЛФИ, Специјални инвестициски фондови во ликвидација).

АЛФИ Групата гледана во најширока смисла има регистрирано локално присуство преку индиректното зависно друштво:

-АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и остварува приходи во Северна Македонија преку трговија на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детска галантерија и детски текстил.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ Групата врши анализа на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.
Меѓутоа, АЛФИ Групата во моментот нема инвестиции, ниту деловни активности во областа на производството и продажбата на зеленчуци и овошја во Република Северна Македонија.

**Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук** е словенечко друштво основано во 2017 година и е активно во органско производство на лиснат зеленчук, како што се зелена салата, спанаќ и билки за зачин, како и лук и боровинки, користејќи минимални ресурси, избегнувајќи пестициди и со нулта емисија на јаглерод диоксид.

Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук применува иновативни пристапи во земјоделството, користејќи биопоника која овозможува одржливо производство на храна во контролирани услови.

Друштвото Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук нема зависни друштва и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**